Врз основа на член 268, точка 1 и 3, член 267, став 1, точка 5 од Законот за општа управна постапка, како и член 30, точка 2 и член 36, точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.59/2000), Владата на Република Македонија, по службена должнсот, на седницата одржана на __ 2002 година, го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

Решението број 15-230/11 од 24.01.1995 година на Комисијата за приватизација при Владата на Република Македонија, со кое е дадена согласност за доприватизација на "ФЕРШПЕД" АД – Скопје по моделот продавање на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето (менаџерски модел), **СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО.**

Ова решение ќе го спроведе Агенцијата на Република Македонија за приватизација.

## Образложение

Од "Извештајот за извршената контрола на исправноста и законитоста во спроведување на постапката на трансформација на општествениот капитал кај претпријатието за Меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни царински складишта "Фершпед" АД – Скопје, изготвен од Министерството за финансии – Управа за јавни приходи – Регионална дирекција – Скопје број 14-8/611 од 12.07.2002 година (а кој Извештај е даден во прилог кон овој материјал), се утврдени низа неправилности кои ценето заедно или секоја одделно во смисла на член 267, став 1, точка 5 од ЗОУП, а во врска со член 32 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на РМ" бр.38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/2000 и 6/2002) споменатото Решение го прават ништовно.

Имено, наодите утврдени во споменатиот Извештај особено искажани во Заклучокот на истиот под точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 недвосмислено покажуваат дека очигледно станува збор за ништовен акт кој Владата на Република Македонија согласно член 268, точка 1 и 3 од ЗОУП треба по службена должност како второстепен орган да го огласи за ништовен, со поништување и на правните последици што ги произвело таквото Решение (член 269, точка 1 од ЗОУП).

Практично, со огласување на ништовно на споменатото Решение (бр.15-230/11 од 24.01.1995 година), како основен иницијален акт (решение) со кое се дава согласност за отпочнување на постапката за трансформација (член 16, став 2 од (ЗТПОК) се поништуваат и правните послеци што таквото Решение ги произвело, односно по автоматизам стануваат ништовни и сите други така наречени спроведбени акти заради реализација на споменатата приватизација, а кои се темелат односно произлегуваат од постоењето баш на таквото Решение (Примерно како што се: **Договорот за продажба на претпријатието** бр.1813 од 19.04.1995 година; **Одлуката за основачкиот влог**, односно уделот на Јавното претпријатие ЖТП "Скопје" – Скопје од 51% во ЖТП "Фершпед" ДОО – Скопје, со што на јавното претпријатие ЖТП "Скопје" – Скопје неосновано му е одземено правото на сопственост на акциите на 51% од ЖТП "Фершпед" ДОО – Скопје, односно е

сторено оштетување на општествениот и државниот капитал; како и сите донесени Одлуки од точка 4 на Заклучоците од споменатиот Извештај итн.)

Агенцијата на Република Македонија за приватизација ќе го спроведе ова решение и за тоа ќе ја извести Владата на Република Македонија, согласно член 89, став 1 како и член 92, став 1 и 3 од ЗТПОК.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение согласно член 268, точка 4 од ЗОУП може непосредно да се спроведе управен спор.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**

**Љубчо Георгиевски**

**Бр._______**
**______.2002 год.**
**С к о п ј е**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА СКОПЈЕ**
**Бр.14-8/611/1 - 31.07.2002 год.**
**Скопје**
14-5691/1 [illegible]

**ДО КОМИСИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА**
**ПРИ ВЛАДАТА НА РМ**

**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ:** *Известување за поведување постапка за донесување на решение за обнова на постапката*

*Врз основа на член 269 став 3, а согласно член 250 став 1, член 252 став 4 од Законот за општа управна постапка, Ве известуваме за поведување на обнова на постапката по службена должност.*

*Имено, сметаме дека од наодите од извештајот бр.14-8/611 од 12.07.2002 година произлегува дека по службена должност да се поведе обнова на постапката против Вашето решение бр.15-230/11 од 24.01.1995 година, со кое сте издале согласност за доприватизација на,,Фершпед,, - АД - Скопје, по моделот продавање на претпријатието на лицата кој го превземаа управувањето (менаџерскиот модел).*

*Споменатото решение е донесено без да се исполнети условите од член 62 в.в. 71 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал(ЗТПОК) т.е. истото е донесено врз основа на невистинити искази и лажни исправи. Поточно во Акционерската книга на,,Фершпед,, АД - Скопје од 1995 година лажно е прикажано дека 16-те менаџери (лицата кој го презимаат управувањето) имаат откупено повеќе од 10% од проценетата вредност на ,,Фершпед,, АД - Скопје, со што го исполниле условот од член 62 в.в.71 од ЗТПОК.*

*Претходното, исто така лажно е прикажано и во понудата од купувачите како и во Мислењето на Агенцијата за приватизација на РМ доставено до Вас.*

*Со лажното прикажување и прикривање на сите факти дека 16-те менаџери го исполнуваат законскиот услов за реализација на тој модел, директорот на Агенцијата за приватизација и одговорните лица во ,,Фершпед,, АД - Скопје, сториле дело казниво со Закон на кое дело чија последица е и донесување на наведеното решение.*

*Решението е донесено и врз основа на непостоечки (ништовни) исправи и докази т.е. основните исправи се апсолутно ништовни и истите не*

*произведуваат никакво правно дејство, бидејќи не се донесени од надлежниот орган на ,,Фершпед,, Скопје.*

*Ништовни исправи се Одлуката за организирање на АД ,,ФЕРШПЕД,,од 1991 година; Одлуката за издавање на интерни акции од 1991 година; Одлуката за доприватизација на ,,ФЕРШПЕД,, АД - Скопје како и Одлуката за претварање на интерни акции во обични акции 1995 година, поради тоа што не се донесени од надлежниот орган - Акционерското собрание на ,,ФЕРШПЕД,, - Скопје.*

*Исто така, решението е донесено и врз основа на лажните искази дадени во Мислењето од Агенцијата за приватизација во која се прикриени заклучоците од извештајот на Управата за јавни приходи бр.438 од 24.05.1994 година, спрема кој ,,Фершпед,, - Скопје неможел да се трансформира и да издава интерни акции по Законот за општествен капитал (Законот за Анте Марковиќ), поради тоа што таа контрола утврдила дека капиталот не бил сопственост на ,,Фершпед,, Скопје, туку на Јавното претпријатие ЖТП - скопје, како и тоа дека основачкиот влог (од 51%) на ЖТП - Скопје не бил евидентиран во книговодствената евиденција на ,,Фершпед,, Скопје.*

*Доказ: - Извештај бр.14-8/611 од 12.07.2002 год.*
*- Извештај бр.438 од 24.05.1994 год.*
*- Наод на Агенцијата за приватизација бр.02-3416/1 од 2002 год.*

*Врз основа на горното,а согласно член 257 став 2 и член 258 од Законот за општа управна постапка, бараме од Вас да донесете*

## *РЕШЕНИЕ*

***СЕ ПОНИШТУВА** или **СЕ ПРЕИНАЧУВА** решението бр.15-230/11 од 24.01.1995 година, донесено од Комисијата за приватизација при Владата на Република Македонија.*

**ПОДНОСИТЕЛ,**

**Директор Горан Трајковски**

Република Македонија Министерство за финансии Управа за јавни приходи Регионална дирекција Скопје

*Копие доставено до:*

*- Владата на РМ*
*- Јавен правобранител на РМ*
*- Јавниот обвинител на РМ*
*- МВР - Скопје*
*- Комисија за приватизација при Владфа на РМ*
*- МЖ - Скопје*